**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), се доставува


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 13.01.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 183/1 | | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување
2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)
3. **Период опфатен со надзорот**: 10 јануари 2026 година
4. **Датум на извршување на надзорот**: 13 јануари 2026 година
5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта“), **а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик** („Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите“).

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот за почитувањето на изборниот молк од страна на ЈРП МРТ Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 10 јануари 2026 година, **констатирано е прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик.**

Спротивно на членот 76-б став 3 од Изборниот законик, МРТ1, на 10 јануари 2026 година, при известувањето за време на изборниот молк за Повторните избори за градоначалник на Општина Гостивар, градоначалник на Општина Врапчиште, градоначалник на Општина Маврово и Ростуше и градоначалник на Општина Центар Жупа, 2026 година (Повторни локални избори 11.01.2026), емитуваше аудиовизуелни материјали со изјави од носители на функции во органите на власта и од учесници во изборите. Имено, во реприза од емисијата „Програма на градови“, МРТ1 емитуваше разговор со градоначалникот на Општина Велес Марко Колев; во реприза од емисијата „Македонија наутро“ имаше изјава на градоначалникот на Општина Куманово Максим Димитриевски; во две репризни изданија на вестите емитуваше: изјава од

градоначалникот на Кичево Александар Јовановски, изјава од Александар Николовски, вицепремиер и министер за транспорт, придружуван (меѓу другите) и од кандидатот за градоначалник на Општина Маврово – Ростуше Онер Јакупоски, како и изјави од претседателот на СДСМ Венко Филипче и од Христијан Мицкоски, премиер и претседател на ВМРО ДПМНЕ, чии партии беа учесници во изборите; а во премиерно издание на Вестите во 10 часот емитуваше дел од претходно реализирано интервју со претседателката на РС Македонија Гордана Силјановска – Давкова.

| **Датум на емитување** | **Програма** | **Време на емитување** | **Опис** |
|---|---|---|---|
| **10.01.2026** | Реприза на емисијата „Програма на градови“, премиерно прикажана во живо на 9.01.2026 | 01:32:54 – 01:48:21 | Разговор за Велес со градоначалникот на Општината Марко Колев. |
| | Реприза на емисијата „Македонија наутро“, премиерно прикажана во живо на 9.01.2026 | 03:17:37 – 03:18:37 | Прилог со изјава од градоначалникот на Општина Куманово Максим Димитриевски, во врска со превозот во градот. |
| | Реприза од Вестите премиерно прикажани во 8 часот на 9.01.2026, | 03:55:51 – 03:57:42<br>03:57:43 – 03:58:50<br>03:58:56 – 04:01:46 | Прилог со изјава од градоначалникот на Кичево Александар Јовановски за состојбата со поплавите.<br>Прилог со изјава од Александар Николовски, вицепремиер и министер за транспорт, кој им честита на вработените во ЈП „Македонија пат“ за расчистувањето на снегот на патиштата. Министерот беше придружуван (меѓу другите) и од кандидатот за градоначалник на Општина Маврово – Ростуше Онер Јакупоски.<br>Прилог со изјави од Венко Филипче, претседател на СДСМ и од Христијан Мицкоски, премиер и претседател на ВМРО ДПМНЕ, во врска со предложената лидерска средба за техничка влада. Двете партии, со свои коалиции, беа учесници во изборите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Реприза од Вестите премиерно прикажани во 9 часот на 9.01.2026, | 04:55:39 – 04:58:09<br><br>04:58:10 – 04:59:17<br><br>04:59:25 – 05:02:15 | Прилог со изјава од градоначалникот на Кичево Александар Јовановски за состојбата со поплавите.<br><br>Прилог со изјава од Александар Николовски, вицепремиер и министер за транспорт, кој им честита на вработените во ЈП „Македонија пат“ за расчистувањето на снегот на патиштата. Министерот беше придружуван (меѓу другите) и од кандидатот за градоначалник на Општина Маврово – Ростуше Онер Јакупоски.<br><br>Прилог со изјави од Венко Филипче, претседател на СДСМ и од Христијан Мицкоски, премиер и претседател на ВМРО ДПМНЕ, во врска со предложената лидерска средба за техничка влада. Двете партии, со свои коалиции, беа учесници во изборите. |
| | Вести во 10 часот | 10:02:01 – 10:02:47 | Прилог за кандидатките за членки на Судскиот совет предложени од претседателката на РС Македонија Гордана Сиљановска – Давкова, во кој има дел од претходно интервју со неа, во врска со Судскиот совет. |

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, ЈРП МРТ Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 10 јануари 2026 година, при известувањето за време на изборниот молк за Повторните локални избори 11.01.2026, емитуваше аудиовизуелни материјали со изјави од носители на функции во органите на власта и од учесници во изборите.

**8. Предлог-мерка:**

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1).

***Сектор за програмски работи***